Република Северна Македонија
Министерство за образование и наука

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Arsimit dhe Shkencës

УП1 бр. 14-1678
_____________година 14 08 2019

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), врз основа на член 211 став 1 и 3 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15 , 145/16, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), Министерот за образование и наука донесе

# РЕШЕНИЕ

## за почеток со работа на студиската програма од втор циклус двегодишни студии по Индустриски дизајн и маркетинг на Машинскиот факултет во Скопје единица во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" Скопје

1.Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус двегодишни студии по Индустриски дизајн и маркетинг на Машинскиот факултет во Скопје единица во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

Машинскиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, се обрати со барање бр. 642/22 од 10.07.2019 година, до Министерството за образование и наука, под наш УП 1 бр. 14-1678 од 29.03.2019 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус двегодишни студии по Индустриски дизајн и маркетинг на Машинскиот факултет во Скопје единица во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" Скопје, акредитирана со Решение за акредитација бр. 1409-154/4 од 28.06.2019 година, издадено од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Министерството за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-1678 од 22.07.2019 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 05.08.2019 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 бр. 14-1678 од 06.08.2019 година, каде е наведено дека за студиската програма од втор циклус двегодишни студии по Индустриски дизајн и маркетинг на Машинскиот факултет во Скопје единица во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" Скопје, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР / MINISTER
Dr. Arber Ademi

Република Северна Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ

| Примено: | 20-08-2019 | | |
|---|---|---|---|
| Прилог: | Орг. един. | Број | Вредност |
| | 08 | 642/23 | |

Доставено и до:
Архива
Подготвил: Билјана Зафировска
Контролирал: Снежана [illegible]
Согласен: Борчо Алексов
Одобрил: dr Agim Rushiti